Д-р Кирил Чавдар, роден е во Ресен во 1933 година. Завршува основно и средно образование во Ресен, Битола и Охрид, после кое, во 1951 година се запишува на Правниот факултет во Загреб, на кој дипломира во јуни 1955 година. Се вработува како судски приправник во Скопје, а проведува и една година како асистент на Правниот факултет во Скопје. Во 1958 година е избран за судија на Околискиот суд Скопје ИИ, при крајот на 1959 година за судија на Окружниот суд во Скопје, а од 1961 до 1966 година работи во стопанството и како адвокат. Во 1966 година повторно е избран за судија на Окружниот суд во Скопје, а од 1968 до 1975 година работи како помошник на Републичкиот секретар за правосудство на СРМ. Во 1975 година е избран за судија на Врховниот суд на Македонија, а во 1982 година за заменик на Јавниот правобранител на Македонија. Во 1987 година е избран за судија на Сојузниот суд во Белград, каде останува до распаѓањето на СФРЈ, а потоа работи во Врховниот суд на Република Македонија, во кој е избран за судија во 1995 година и останува до своето пензионирање при крајот на 1996 година. Бил член на Републичкиот судски совет во периодот од 2000 - 2003 година.Од страна на Председателот на СФРЈ одликуван е со повеќе Ордени на трудот.

Во своето правно остручување главно е ориентиран кон граѓанското право: магистрира во областа на извршната постапка во 1972 година, а докторира во областа на граѓанско - правната заштита на општествената сопственост во 1979 година, на Правниот факултет во Скопје. Предава хонорарно, како вонреден професор, Облигационо право на Правниот факултет во Битола од 1981 до 1990 година. Од есента 2005 година, како профессор е ангажиран  во Универзитетот Американ колеџ Скопје, по  предметите Деловно право  на Факултетот за бизнис администрација, а обавува настава по граѓанските предмети и цивилната процедура на Правнипот факултете на тој Универзитет. Облигационо право.

Беше член е на Сојузниот правен совет на бившата СФРЈ во Белград од 1984 година до распаѓањето на СФРЈ.

Соработуваше во правната периодика во бившата СФРЈ, а посебно во списанијата „Судска пракса“ од Белград и „Информатор “ од Загреб, од 1975 до 1990 година во кои ја објавуваше судската практика на Врховниот суд на Македонија. Учествува во изготвувањето на повеќе проекти на закони од граѓанското право и процедура и од организацијата на правосудството.

Покрај бројни статии, реферати и елаборати за стручни советувања, објавува и повеќе книги од обласна на Граѓанското право и процедурата. И тоа:

- Законот за наследувањето и Законот за вонпроцесната постапка со објаснувања и судска практика излегуваат во три изданија (1975, 1980 и 1986 година),
- Коментарот на Законот за извршната постапка во 1986 година,
- Коментарот на Законот за семејство во 1993 година и Коментарот на Законот за наследувањето во 1996 година.

Во 1994 и 1995 година заедно со Д-р Димко Миленков издава три книги:

- Обрасци на поднесоци во судските постапки,
- Обрасци на договори и други акти и
- Збирка на прописи за присилно одземање на сопственоста од 1944 до 1986 година.

Уредник е на Збирката на судски одлуки на Врховниот суд на Македонија за 1990 - 1996 година - I книга.

Ги објавува и :

- Коментарот на Законот за извршната постапка во 1997 година,
- Законот за стечај во 1997 година,
- Коментарот на Законот за парничната постапка во 1998 година,
- Коментарот на Законот за семејство во 1999 година,
- Коментарот на измените и дополнувањата на Законот за извршната постапка во 2000 година, Законот за договорната хипотека и
- Законот за залог на подвижни предмети и права во 2000 година,
- Законот за сопственоста и други стварни права во 2001 година,
- Коментарот на Законот за облигационите односи во 2001 година,
- Закон за меница и Закон за чек во 2002 година,
- Тужби - обрасци, објаснувања, коментари, судска практика, во 2002 година,
- Коментар на Законот за договорен залог во 2003 година,
- Закон за трговските друштва во 2004 година,
- Прирачник за полагање правосуден испит - граѓанско и стопанско право во 2004 година
- и го приреди Правниот Лексикон на трговското и граѓанското право во 2004 година,
- Коментар на Законот за извршување во 2005 година,
- Коментар на Законот за парнична постапка во 2006 година,
- Закон за установите,
- Закон за јавните претпријатија со предметен регистар во 2005 година,
- Пациенти во Македонија со права по Европски стандарди, заедно со Проф. Д-р Весна Стефановска, истражувачка студија во 2005 година,
- Закон за стечај, со објаснувања, судска практика и предметен регистар во 2006 година.
- Закон за извршувањето, со коментари, судска практика и примери за практична примена во 2006 година,
- Закон за обезбедување на побарувањата, со коментари, објаснувања и примери за практична примена во 2007 година,
- Закон за вонпарничната постапка, со објаснувања, судска практика, примери на поднесоци и предеметен регистар,во 2008 година,
- Закон за меѓународно приватно право, со објаснувања, коментари, практика обрасци и предметен регистар (со коавтор М-р Кимо Чавдар) во 2008 година,
- Коментар на Законот за облигационите односи - Второ изменето и дополнето издание (со коавтор М-р Кимо Чавдар) во 2008 година,
- Збирка на судски одлуки (сентенци), објавени во списанието „Правник" од 1997 до 2008 година ( со коавтор Лилјана Цековска),
- Закон за облигационите односи, коментар - Второ изменето и дополнето издание (заедно со коавтор М-р Кимо Чавдар), во издание на Агенција „Академик„ Скопје во 2008 година,
- Збирка на судски одлуки (делот за граѓанско право и за судење во разумен рок) 2008-2009, во издание на ОБСЕ и Здружението на правници на РМ Скопје 2010,

- Коментар на Законот за катастар на недвижности (како коавтор со Зоран Ангелов) Скопје 2010,
- Закон за парничната пострапка, коментар, судска практика, обрасци за практична примена и предметен регистар, второ изменето и дополнето издание (со коавтор Д-р Кимо Чавдар), во издание на Агенција „Академик” Скопје 2011 година,
- Коментар на Законот за извршување (со коавтор Д-р Кимо Чавдар) во издание на Агенција „Академик” Скопје 2011 година.

Во Списанието на Здружението на правниците од стопанството „Правник“ објавува серија написи за тужбите во граѓанското и стопанското право, а го подготвува и специјалниот прилог за судската практика, од 1996 година и до ден денес.

Во списанието на Здружението на судиите „Судиска ревија” соработува со објавување на статии, а исто така соработува и со Здружението на правниците н а РМ, со Здружението на правниците од здравството на РМ, со учество на семинари и изготвување на стручни статии, како и со Комората на извршители на РМ. Ангажиран е како предавач и во Академијата на судиите на РМ.